Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-535/2
22.11.2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–535/1 од 25.07.2024 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-535/1 од 25.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Конче **поради ненадлежност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 25.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од страна на [redacted] од Конче, заведена под бр. 08-535/1.

Во претставката се наведува дека подносителката е вработена во ЈОУДГ„12-ТИ ЈУЛИ"- Конче како воспитувач на неопределено работно време, а од 01.06.2022 година била назначена прво за в.д. Директор и подоцна Директор на институцијата. Таа наведува дека врз неа имало притисоци и закани од страна на градоначалникот на општина Конче Златко Ристов, за истата да си даде доброволно оставка од позицијата директор на детската градинка. Наведува дека притисоците се манифестирале со тоа што се правеле препреки и блокади во работењето на градинката, меѓу кои, на 15.06.2022 година од страна на градоначалникот и директорката на ЈПКД „Лакавица" бил стопиран општинскиот превоз со кој се превезуваат сите вработени во Општина Конче, односно превозот останал, но бил укинат само за три вработени во детската градинка, на кои им било наложено да плаќаат одреден износ без фискална сметка. Понатаму, на 31.08.2022 година по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и по добиени позитивни резултати поради неисправност на водата за пиење, врз основа на дадено задолжување се направило генерално чистење и дезинфекција на сите машини „просторот, приборот за јадење итн., но кујната останала затворена се до добивање на негативни резултати. Таа наведува дека целиот процес траел четири месеци преку секојдневни испитувања и дезинфекции и дека по поднесените писмени барања на 28.10.2022 година и 31.10.2022 година до општината и комуналното претпријатие, тие не презеле мерки за снабдување на технички исправна вода за детската градинка и покрај тоа што кујната во детската градинка беше затворена и забранета за исхрана на децата. Во однос на таквата состојба, подносителката наведува дека самата правела напори за снабдување на градинката со вода за пиење, транспортирајќи ја со сопственото возило. Истакнува

дека во меѓувреме не само што не одговориле на нивните барања, градоначалникот како татко на општината и како загрижен за престојот на децата во детската градинка, туку не биле дадени и позитивни одлуки од страна на советот на Општина Конче. На 26.09.2022 година од страна на Советот на Општина Конче била донесена Одлука за не давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈОУДГ„12-ТИ ЈУЛИ“-Конче и Правилникот за внатрешна организација без никакви забелешки и образложение. Наведува и дека на 31.07.2023 година исто така од страна на Советот на Општина Конче била донесена Одлука за не давање на согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ„12-ТИ ЈУЛИ“-Конче, исто така без никакви забелешки и образложение од Советот. Дополнително наведува дека на 13.11.2023 година по барање на Основното јавно обвинителство Радовиш, а по поднесена пријава од страна на градоначалникот на Општина Конче бил извршен вонреден инспекциски надзор. Понатаму, таа во претставката истакнува уште неколку барања до Општината кои биле игнорирани, а се однесуваат на именување на член во Управен Одбор од редот на вработените, Согласност за Извештај за реализација на годишен план за вработување и Известување за блок дотации.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека изнесените факти и околности, не индицираат настан на дискриминација, туку дека истите се однесуваат на настан или дејствија кои евентуално подлежат на постапки во надлежност на други институции. Имено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти  и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на реализирање на надлежности на општина, нешто што е уредено со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2022). Согласно овој закон се предвидени одредени постапки, односно надлежни органи во врска со законитоста на спроведувањето на надлежностите на општината. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател,
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted] Општина Конче
- Архива на Комисијата